# Модул 5 - Сообраќај

Тема: Сообраќај и патни знаци

*Во овој Модул,децата ќе се запознаат со основни патни знаци, и ќе ги извежбаат едноставните насоки,вклучувајќи:сврти десно,сврти лево, и оди право. Во последната активност на часот,учениците добиваат лиценца од Англиска Кујна, како спомен од програмата. Вежбите од овој модул исто може да се искористат како теоретски тест на знаењето добиено од сите модули.*

## Table of Contents


**ОСНОВА**....................................................................... Error! Bookmark not defined.

**ВОВЕД ПРЕД ЧАС** ....................................................... Error! Bookmark not defined.

**1.ЗАГРЕВАЊЕ** .............................................................. Error! Bookmark not defined.

**2. УЧЕЊЕ** ....................................................................................................................4

**3. ИНТЕРАКЦИЈА**.........................................................................................................5

**4. ВЕЖБИ**......................................................................................................................7

**Додаток А: Пробни вежби**....................................... Error! Bookmark not defined.

**Додаток Б: Сообраќајна мапа за студентите**... Error! Bookmark not defined.

**Додаток В: Вежби за ученици** ............................................................................ 19

**Додаток Г: Мапа со знаци**.................................................................................. 23

**Додаток Д: Шаблон со знаци** ................................ Error! Bookmark not defined.

## ОСНОВА

**Потребно време:** 1,5ч – 2ч (севкупно 2ч сметајќи го и тестот)

**Број на ученици:** Варира. Идеално 15-20.

**Потребен простор:** голема празна училница, ходник или сала за физичко. Доколку е можно, најдобро е часот да се одржи надвор.

**Наставници:** 1

**“Механичар”** (помошник на наставникот): 1

**Целна возраст:** 9-11

## ПРЕД ЧАСОТ

Подгответе го ѕидот за демонстрирање како и вообичаено.

Подгответе еден агол од училницата каде лиценците ќе бидат изработени/поделени, пр. Маса позади која ќе седи механичарот. Идејата е да одглумат дека лиценцата ја добиваат од “Англиски Кујнски офицер”.

Подгответе 4 комплети од материјал за правење знаци, доволно за сите ученици да направат по еден посебно. Еден А4 лист е доволен за четири 10цм дијаметарски знаци (види “Направи знаци” Активност за потребни материјали).

Понесете два шлема и маички.

## 1. ЗАГРЕВАЊЕ

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| **Објаснете за “десно” и “лево”** | Осигурајте се дека децата знаат лево и десно, држејќи ги горе рацете и покажувајќи јасно што треба да прават. Пр. “Кренете ја десната рака! Сега левата ”Десно! Лево! Итн.”<br><br>Првата личност започнува со допирање на рамото на тој од лево или десно, и притоа испраќа "потег" во кругот. Секоја личност која ќе го добие потегот може да ја смени насоката, но мора да го каже правилниот збор, пр. Потегот оди накај десната страна, а тој што сака да го промени кажува “лево” и го допира рамото на личноста од лева страна. | 5 мин | Нема |
| **“Секој носи нешто сино/црвено итн…”** | Оставете ги децата да стојат низ собата. Потоа изјавете:<br><br>*“Сите што носат сино, направете два чекори на десно”,* | 5 мин | Нема |
| **Воз во движење** | Подредете ги децата зад наставникот, одете и кажете “ОДАМ ПРАВО!”, “ВРТАМ ЛЕВО”, “ВРТАМ ДЕСНО”, и “ЗАСТАНУВАМ”. Држете ја раката во насоката кон која се вртите.<br><br>По неколку обиди оставете ги нив да учествуваат (пр. Назначете дека вие ќе се свртите на десно и ќе кажете “СЕ ВРТАМ _____!”). | 5 мин | Нема |

## 2. УЧЕЊЕ

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| **Патни знаци** | Наставникот покажува различни патни знаци и возила прикажани на ѕидот. Оставете ги децата да препишат на нивната “мапа со знаци” како и вообичаено.<br><br>ЗАБЕЛЕШКА: Во зависност од контекстот, прикажаните знаци можеби ќе треба да се адаптираат. На пример, кружниот тек е доста застапен во Рим. Притоа, раскрсниците и сообраќајните светла се позначајни. | 20 мин | Пробни вежби Модул 5<br>(Додаток А)<br><br>Маркер за бела табла<br><br>Мапа со знаци на учениците<br>(Додаток Б)<br><br>Пенкала за поделба (можете да им кажете и да си понесат свои) |

## 3. ИНТЕРАКЦИЈА

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| **Креирање тимови** | Децата нека се подредат во редица, и дајте им различни упатства: Десно, Лево, Стоп и Оди Десно. Насочете кон различни агли во просторијата за секоја насока посебно. | 5 мин | Нема |
| **Направете знаци** | Користете хартија во боја и шаблони подготвени однапред (види Додаток Г), оставете ги учениците сами да направат знаци **со стоп на едната страна и стрелка на другата.** Секој ученик прави посебен сопствен знак. (Тие ќе бидат искористени за следната игра).<br><br>ЗАБЕЛЕШКА: Најлесниот начин да направите хартијата да трае подолго, и да имате четири знаци од еден А4 лист, е да го превиткате на четири дела и да го нацртате кругот според шаблонот. Потоа четирите кругови може да се пресечат истовремено. Истото важи за сите форми. Ова е одличен начин да ги натерате учениците да соработуваат и да делат задолженија. | 20 мин | Знак, Стрелка и СТОП шаблон (ДОДАТОК Г)<br><br>А4 листови од црвена и сина хартија (пожелно да е поцврста хартија)<br><br>Ножици<br><br>Туби лепак |
| **Мапа со знаци** | Поделете ги Мапите со Знаци на учениците и дозволете им да ги пополнат празнините кои недостасуваат за полесно да се водат кон целта. | 10 мин | Мапи со знаци (Додаток Д) |

| Активност | Опис | Време | Материјали |
| --- | --- | --- | --- |
| **Води го велосипедистот** | Соберете ги знаците од учениците и сместете 12 од нив на подот како со МАПАТА НА ЗНАЦИ (3x4 знаци), со СТОП знакот свртен нагоре. ЦЕЛТА е кон масата со Лиценца од Англиска Кујна.<br><br>Покажете им на децата како функционира оваа игра.<br><br>Децата ќе работат во парови. Еден е велосипедист кој носи шлем и маичка. Тој или таа **оди со еден велосипед**. Другиот ја чита мапата. Тој што ја чита мапата оди зад велосипедистот, кој пак не треба да ја види мапата (во случај ова да не е премногу сложено).<br><br>Тој што ја чита мапата дава упатства НА АНГЛИСКИ (се разбира) за како да се оди понатаму: “оди право, сврти лево” итн., исто како со МАПАТА СО ЗНАЦИ. Тој или таа исто така ги врти знаците на подот од страната на СТОП до страната на СТРЕЛКА.<br><br>Наставникот оди паралелно со парот за да провери дали зборуваат на Англиски. Кога ќе ја достигнат целта, “полицаецот” ги дава Лиценците од Англиска Кујна. | 20 мин | 12 Патни знаци (Стоп и Стрелка на двете страни)<br>2 x Велосипеди<br>2 x Шлемови<br>2 x Маички<br><br>Лиценца од Англиска Кујна (Додаток Ѓ) |

## 4. ВЕЖБИ

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| **Вежби** | Во овој модул, вежбите нека бидат еден вид на тест, разделете ги учениците и оставете ги да ги завршат индивидуално.<br><br>Ако има уште време, поправајте веднаш, и запишете ги поените во Лиценцата од АК. | | Вежби (Додаток В)<br><br>Пенкала за делење |

# Додаток А:
# Пробни вежби

Овие пробни вежби може да бидат испечатени во А4, и потоа измешани на ѕидот за пробни вежби.

По пробните вежби се објаснуваат клучни изрази и зборови.

СОВЕТ: Ако сакате да ги користите пробните веѓби на повеќе од еден час, може да ги пластифицирате и да користите маркер за бела табла.


SENSO UNICO











Erasmus+













STOP













Erasmus+



Патека за велосипед



Патека за пешаци



Пешачки премин



Насока лево



Насока десно



Насока право



Кружен тек




Стоп



Забранет пристап



Забрана за велосипеди




Еднонасочн а улица



Двонасочна улица



Слепа улица



Предност



Автомобил

Erasmus+



Автобус



Камион



Скутер



Мотор



Велосипед

# Додаток Б: Сообраќајна мапа за ученици

Erasmus+











Erasmus+

# Додаток В: Вежби за учениците

Вежбите од Модул 5 се креирани како тест “Англиска Кујна”, спојувајќи елементи од сите модули за да се види колку учениците успеале да научат од сите часови.

## Вежби 5 – Тест “Англиска Кујна”

1. Запишете ги деловите од велосипедот




2. Кога е ладно, јас носам….





1. _______________
2. _______________
3. _______________











3. Кое е значењето?

a.) Велосипедска патека

b.) Кружен тек

c.) Забрана за велосипеди



4. Што можеш да направиш со внатрешна цевка ?

Заокружи го точниот збор



Ѓердан

Фудбал топка

A pencil case

Автомобил

Маичка

Привезок











5. Што е проблемот овде?

a.) Цвет

b.) Пенкало

c.) Издишана гума!



6. Како се чувствуваш денес?

Erasmus+

  

Се чувствувам СРЕЌНО!    Се чувствувам ИЗМОРЕНО.    Се чувствувам РАЗБОЛЕНО.

7. Што можеш да видиш низ градот?



_____________



________________



_____________



________________

*Какво е времето денес?*





Врнежливо
Темно

Наоблачено



Ладно

Сончево







# Додаток Г: Мапа со знаци

Учениците треба да ја пополнат оваа мапа и да ја искористат во играта "Води го велосипедистот" (види точка број 2).

Мапата има три различни верзии,и треба да бидат распределени по случајност.

# ЦЕЛ!




## СТАРТ

Erasmus+


ЦЕЛ!
STOP
НАСОКА
НАСОКА
STOP
НАСОКА
НАСОКА
STOP
STOP
ОДИ ___________________
STOP
STOP
ОДИ
СТАРТ

Erasmus+


ЦЕЛ!
STOP
STOP
ОДИ
STOP
НАСОКА___________________
НАСОКА
STOP
НАСОКА
НАСОКА
STOP
STOP
ОДИ
СТАРТ

# Додаток Д:

# Шаблон со знаци

Овој шаблон може да биде испечатен или за секој ученик, или пресечен и даден на секоја група како еден примерок (пр. цртање околу аглите).

# STOP